Започна прибирањето податоци за проценка на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество за 2016 година. **Ги повикуваме сите граѓански организации да придонесат со своите одговори** . Прашалникот може да го пополните доколку ни испратите е-маил и име на организацијата на **str@mcms.mk** најдоцна до **27 октомври 2016 година (четврток)**. Ќе добиете линк на кој ќе можете да го отворите и пополните прашалникот.

Податоците ќе бидат основа за подготовка на извештај со кој ќе ги информираме релевантните чинители и ќе направиме притисок за развој на соодветно законодавство и неговото доследно спроведување.

Последното истражување резултираше со **Извештајот од следењето на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество** што го подготви и издаде МЦМС на почетокот од 2016 година. Истражувањето се подготвува четврта година по ред.

Прашалникот е подготвен во рамки на проектот „Acquis на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање“. Проектот е спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА), а финансиски поддржан од Европската Унија.